ЕСМ ПРОДАЖБА

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ
Бр. 01-3594/1
15.12 2022 год.
СКОПЈЕ

15.12.2022 Скопје

**БАРАЊЕ ПОНУДИ**

**ПРЕДМЕТ**: Набавка на природен гас за период 01.01.2023 – 30.04.2023

Почитувани,

Врз основа на член 23 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник 24/19) „ЕСМ Продажба ДООЕЛ“ доставува:

## Барање на понуда бр.04-2022 за склучување на рамковен договор за набавка на природен гас за период јануари – април 2023

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Договорен орган по барање на понуда бр.04-2022 е ЕСМ Продажба ДООЕЛ со седиште на ул.11 октомври бр.9, Скопје.

1.2 Предмет на набавката е: природен гас за потребите на топланите Исток и Запад

### 2. ОБЕМ НА НАБАВКАТА

2.1 Количините за набавката се:

<u>Опција 1</u> (минимални количини на природен гас потребни за топланите Исток и Запад - во случај кога когенеративната електрична централа ТЕ-ТО АД Скопје испорачува топлинска енергија): 10.465.821 Nm³, односно 99.948.590,55 kWh прикажани по месеци за наведениот период во следнава табела:

| **Месец** | **Природен гас (Nm³)** | **Природен гас (kWh)** |
|---|---|---|
| јан.23 | 5.836.595 | 55.739.482,25 |
| фев.23 | 1.966.165 | 18.776.875,75 |
| мар.23 | 1.763.061 | 16.837.232,55 |
| апр.23 | 900.000 | 8.595.000,00 |
| Вкупно | **10.465.821** | **99.948.590,55** |

**Опција 2** (максимални количини на природен гас потребни за топланите Исток и Запад - во случај кога когенеративната електрична централа ТЕ-ТО АД Скопје не испорачува топлинска енергија): 34.279.613 $Nm^3$, односно 327.370.304,15 kWh прикажани по месеци за наведениот период во следнава табела:

| Месец | Природен гас ($Nm^3$) | Природен гас (kWh) |
|---|---|---|
| јан.23 | 12.548.464 | 119.837.831,20 |
| фев.23 | 10.092.417 | 96.382.582,35 |
| мар.23 | 9.384.339 | 89.620.437,45 |
| апр.23 | 2.254.393 | 21.529.453,15 |
| Вкупно | **34.279.613** | **327.370.304,15** |

**Напомена 1:** Врз основа на ова барање за понуда се доставува понуда само за документите наведени во точка 3 од ова барање. Понуда со цени се доставува по потпишување на рамковен договор, и по доставено Индивидуално Барање за Доставување Понуда (ИБДП). Понудата со цени се доставува во мерни единици Kwh и/или $Nm^3$. Доколку понудата се доставува само во мерни единици $Nm^3$, природниот гас задолжително да биде со следниов квалитет:

- Метан (CH4) ..........................................................................мин. 85%
- Етан (C2H6) ..........................................................................мин. 7%
- Пропан (C3H8), Бутан (C4H10) и потешки Јагленоводороди ......... .макс. 6%
- Инертни гасови Азот (N2 + CO2) .....................................................макс. 7%
- Јаглеороден двооксид (CO2) ..........................................................макс. 2,5%
- Кислород (O2) ..............................................................................макс. 0,001%
- Вкупен сулфур ..............................................................................макс. 30 (mg/m3)
- Сулфурводород и јаглеродни сулфити вкупно (H2S+COS) ..............макс. 5 (mg/m3)
- (RHS)...........................................................................................макс. 6 (mg/m3)

Горна топлотна вредност Hg, kWh/m3 – мин.10,28 / макс.12,75

Долна топлотна вредност Hd, kWh/m3 – мин.9,25 / макс. 11,47

*Вредностите се однесуваат на волумен природен гас од 1 $m^3$ при притисок 1,01325 bar и температура 20°C.

Ако понудата се доставува во kWh, задолжително се доставува и потврда дека природниот гас е со квалитет во рамки на дефинираните граници.

## 3. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

3.1 Понудата треба да го содржи називот, адресата и седиштето на понудувачот.

3.2 Технички карактеристики на природниот гас (сертификат за квалитет);

3.3 Земја на потекло на природниот гас;

3.4 Услови на плаќање;

3.5 Лиценца за трговија или снабдување со природен гас во Р.С.Македонија;

3.6 Договор со операторот на системот за пренос на природен гас ГА-МА АД, за закуп на капацитети за пренос на природен гас,

3.7 Изјава од одговорното лице на понудувачот дека е во можност да ги обезбеди бараните количини на природен гас за периодот за кој се дава понуда (Изјава за способност за извршување на предметот на набавката) – прилог I;

3.8 Копија од Договор, Изјава, Писмено одобрување или друг соодветен документ со кој може да се потврди дека понудувачот има дозвола од производителот на природен гас да располага и тргува со количините;

3.9 ДРД Образец (потврда за регистрирана дејност);

3.10 Начин на обезбедување – гаранција, доколку се бара авансна уплата;

3.11 Референтна листа на реализирани договори за испорака на природен гас, во последните 3 (три) години, со приложени потврди од комитентите за реализиран договор за соодветниот период.

3.12 Секој понудувач или група на понудувачи, доставува само една понуда без варијанти. Поднесените повеќе понуди и понуда во варијанти, се елиминираат. Не е дозволено алтернативна понуда.

3.13 Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда, и Договорниот орган во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ И КВАЛИФИКАЦИЈА ПРЕД СКЛУЧУВАЊЕ НА РАМКОВЕН ДОГОВОР

По доставувањето на документите од страна на понудувачот, а кои се наведени во точка 3 од ова барање, се врши проверка дали доставените документи се важечки и дали се издадени од соодветни надлежни органи на Република Северна Македонија. По спроведената проверка се информира Понудувачот за комплетноста на документацијата и истиот се поканува да склучи Рамковен договор со кој може да учествува во снабдувањето со природен гас за наведениот период. Во спротивно, доколку доставената документација од Понудувачот не е целосна, истиот ќе биде информиран за недостатоците, и процесот на квалификација ќе трае до комплетирање на наведените документи, но не подоцна од 20.12.2022 година.

## 5. СКЛУЧУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИ ДОГОВОРИ ЗА НАБАВКА НА ПРИРОДЕН ГАС

Сите квалификувани понудувачи ќе добијат Индивидуално Барање за Доставување Понуда (ИБДП) кое ќе содржи инструкции и правила за доставување на Понуда. Понудувачот со доставување на неговата Понуда во целост ги прифаќа правилата дефинирани во ИДБП, и се обврзува да постапува по истите, се до завршување на постапката на потпишување на Индивидуален Договор.

## 6. РОКОВИ

Сите заинтересирани понудувачи е потребно да ја достават документацијата наведена во точка 3 од ова барање, најдоцна до 20.12.2022 година.

Со квалификуваните понудувачи ќе се склучат рамковни договори најдоцна до 23.12.2022 година.

До сите квалификувани понудувачи ќе бидат доставени ИБДП за потребните количини, најдоцна до 26.12.2022.

**Напомена 2: Со квалификуваните понудувачи врз основа на доставената документација од точка 3 на ова барање, ќе се склучат рамковни договори за количините и од двете опции од точка 2 на ова барање. Договорниот орган го задржува правото при доставување на Индивидуалните Барања за Доставување Понуди (ИБДП) да побара било која количина во интервалот минимум – максимум, за соодветниот месец. Индивидуален договор со избраниот добавувач ќе се склучи за количината од доставеното ИБДП.**

**Напомена 3: Количините на природен гас се индикативни, односно се менуваат согласно надворешните услови. Во случај да се потребни поголеми количини ќе се склучи Анекс кон Индивидуалниот Договор, по понудената цена, а во случај на помалку потрошени количини Договорниот орган нема обврска да плати за непотрошениот гас.**

**Напомена 4: Сите трошоците кои произлегуваат од регулираната дејност пренос на природен гас да бидат прикажани одделно.**

**Напомена 5: Количините мора да бидат испорачани на Мерно Регулациона Станица во ТО Исток и Мерно Регулациона Станица во ТО Запад.**

Понудите се доставуваат на еден од следниве начини:

- Скенирани оригинали заверени, со печат, потпис од одговорното лице на компанијата на следната е-маил адреса: esmprodazba-toplina@elem.com.mk
- Оригинални понуди во тврда копија, доставени во архивата на ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје, на ул.11-ти Октомври бр.9, 1000 Скопје
- Електронски потпишани понуда и документи од овластено лице на компанијата на следната е-маил адреса: esmprodazba-toplina@elem.com.mk

**ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ**

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ СКОПЈЕ